Здружение на хемиска ин дустрија
Април 2016 година

***Прифатена Иницијативата на Здружението на хемиската индустрија за намалување на висината на дел од надоместоците за пуштање во промет на биоцидни производи***

Број на Службен весник:
67/2016
Датум на објавување:
6.4.16

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" број 145/10, 53/11, 164/13, 116/15, 149/15 и 37/16) министерот за здравство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ И НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТАПКИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ

## Член 1

Во Правилникот за висината на средствата за реализација на активностите и надоместоците што се плаќаат во постапките што се водат согласно Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" број 84/11), членот 3 се менува и гласи:

„Во постапката за издавање на одобренија за ставање на биоцидни производи во промет и во постапката за издавање на одобренија за класификација и обележување на биоцидните производи, надоместоците кои треба да ги плати подносителот на барањето се:

1. надоместок за издавање на одобрение за ставање на биоцидниот производ во промет, кога прометот со биоцидниот производ не надминува 300 литри на годишно ниво - 100 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата (во натамошниот текст: денарска противвредност),

2. надоместок за издавање на одобрение за ставање на биоцидниот производ во промет, кога прометот со биоцидниот производ надминува 300 литри на годишно ниво - 150 евра во денарска противвредност,

3. надоместок за обнова на одобрение за ставање на биоцидниот производ во промет - 100 евра во денарска противвредност,

4. надоместок за издавање на одобрение за класификација и обележување согласно хармонизираниот систем на биоцидниот производ - 100 евра во денарска противвредност,

5. надоместок за обнова на одобрението за класификација и обележување согласно хармонизираниот систем на биоцидниот производ - 100 евра во денарска противвредност,

6. надоместок за донесување на решение за упис на биоцидниот производ во Привремената листа за доставување на техничко досие - 50 евра во денарска противвредност,

7. надоместок за издавање на дозвола за користење на биоциден производ најдолго за период од 120 дена - 150 евра во денарска противвредност,

8. надоместок за издавање на дозвола за рекламирање на биоциден производ - 150 евра во денарска противвредност,

9. надоместок за процена на техничкото досие на биоцидниот производ - 100 евра во денарска противвредност,

10. надоместок за издавање на одобрение за пренос на друг носител на биоциден производ на територијата на Република Македонија - 50 евра во денарска противвредност, и

11. надоместок за издавање на известување за промена на името на производителот на биоцидниот производ - 50 евра во денарска противвредност."

## Член 2

Во член 4 по точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:
„2-а. надоместок за издавање на одобрение за пуштање во промет на детергент (регистрација) - 45 евра во денарска противвредност,".

## Член 3

Овој правилник влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2372/3

1 април 2016 година — Министер,

Скопје — **Никола Тодоров,** с.р.